РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРИЛЕП

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

БР. 03-2466/2
од 06.10.2020
Прилеп

Врз основа на член 35 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен Весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16,163/16,64/2018 и 168/18), член 50, точка 4 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02), член 26 од Статутот на Општина Прилеп, ,Градоначалникот на Општина Прилеп го дава следното:

## СООПШТЕНИЕ

**Се организира јавна анкета и јавна презентација** на архитектонско- урбанистички проект за формирање на две градежни парцели од ГП 10.3.2. во ДУП за четврт 10, блок 10.3, КО Прилеп, Општина Прилеп.

Проектниот опфат е дефиниран со полигонална гранична линија, која се поклопува со надворешните граници на постојната градежна парцела, која се најдува на улица „ Александар Македонски".

Вкупната површина на новоформираната градежна парцела е 6573м$^2$.

Јавната анкета и јавната презентација на архитектонско- урбанистичкиот проект АРХИТЕКТОНСКО УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ за формирање на две градежни парцели од ГП 10.3.2. во ДУП за четврт 10, блок 10.3, КО Прилеп, Општина Прилеп, ќе се спроведе со излагање на планот во просториите на Општина Прилеп и на интернет страната на општината www.prilep.gov.mk.

Јавната анкета ќе трае 5 работни дена од 14**.10.2020 до 20.10.2020г.** секој работен ден од 8,30 до 15,30 часот.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

Јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден **19.10.2020г. во 13,00 часот** во просториите на Општина Прилеп.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Прилеп**
**Илија Јовановски**

Република Северна Македонија Општина Прилеп